**20251863873**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 и член 140 став 4 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), по добиениот Извештај од Комисијата за спроведување на јавен тендер со јавно наддавање за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz број 0201-1103/26 од 27.08.2025, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 29.8.2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ЈАВНИОТ ТЕНДЕР СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Член 1

Согласно член 138 став 2 од Законот за електронските комуникации, Комсијата за спроведување на јавен тендер со јавно наддавање за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz состави Записник за постапката на отварање на понуди по Јавен тендер со јавно наддавање со архивски број 0201-1103/24 од 22.08.2025 година и врз основа на член 139 став 3 од Законот за електронските комуникации, достави Извештај од извршено разгледување на понуди со архивски број 0201-1103/26 од 27.8.2025 до Директорот.

Член 2

Имајќи предвид дека со Извештајот од извршено разгледување на понуди од Комисијата за спроведување на јавен тендер со јавно наддавање за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz број 0201-1103/26 од 27.08.2025 година е утврдено дека се јави само еден понудувач, согласно член 140 став 4 од Законот за електронските комуникации, Директорот донесе Одлука дека постапката по Јавниот тендер со јавно наддавање е завршена.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 0201-1103/28
28 август 2025 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
**Јетон Акику,** с.р.